ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Број:** 09-
**од __.__.2014 година**
05-08-2014

# Упатство за начинот на работа на руралните лекари во здравствените домови

Упатството стапува во сила со денот на донесување.

Изготвил: Јасмина Смилевска
Контролирал:Д-р Ана Петрова
Согласен : Бранко Аџигогов

**ДИРЕКТОР**
**М-р Маја Парнарџиева Змејкова**

**ДИРЕКТОР**
**Џемали Мехази**
**Xhemali Mehazi**

Доставено до:
- Архива на ФЗОМ
- Директори на сектори на ФЗОМ*
- Раководители на Подрачни служби на ФЗОМ*

*Директорите на сектори и раководителите на подрачни служби да го достават упатството до сите лица кои се инволвирани во процесот или треба да бидат информирани согласно работните задачи и задолженија.



ОРИГИНАЛ

[1] 09-13091/1 [2014]

# Содржина

**1.НАМЕНА И ЦЕЛ НА УПАТСТВОТО** ........ 3

**2.ПРИМЕНА НА УПАТСТВОТО** ........ 3

**3. ВОВЕД** ........ 3

**4.ТЕК НА АКТИВНОСТИ** ........ 4

**5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРУЖАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 32 СТАВ 3 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** ........ 6

5.1 Начин на пропишување на лекови на рецепт од руралниот лекар ........ 6

5.2.Упатување на повисоко ниво на здравствена заштита од страна на руралниот лекар ........ 7

5.3. Утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од потесното семејство ........ 8

**6. РЕФЕРЕНТНИ ДОКУМЕНТИ** ........ 8

**7.ЗАПИСИ** ........ 9



ОРИГИНАЛ

**1.Намена и цел на упатството**

Со ова упатство се објаснува начинот на работа на руралните лекари како и контрола на ЈЗУ здравствените домови во кои се спроведува проектот за рурален лекар.

**2.Примена на упатството**

Упатството го применуваат Директорите, Директори на сектори, Раководителите на одделенијата за контрола и овластени лица за контрола вработени во централната и/или подрачните служби на Фондот.

Упатството го применуваат руралните лекари во здравствените домови.

**3. Вовед**

Согласно член 32-а од Законот за здравствена заштита (Сл. Весник бр. 39/2014), започнува да се применува проектот за воведување на рурални лекари во здравствените домови во Р.Македонија. Со тоа се овозможува на осигурените лица кои не може да го остварат правото на здравствена заштита на примарно ниво во местото на живеење, да имаат право на здравствена заштита на примарно ниво во здравствен дом во кој се врши здравствена дејност на примарно ниво и кој има седиште во подрачјето во кое е опфатена општината каде се наоѓа местото на живеење на осигуреното лице.

Здравствената заштита опфаќа пружање на здравствени услуги утврдени со членот 32 став 3 од Законот за здравствена заштита
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/3._ZAKON_ZA_ZDRAVSTVENATA_ZA[TITA_(PRE%5EISTEN_TEKST)_10_od_17.01.2013.pdf

- врши прегледи на пациентите според нивната здравствена состојба во амбулантски услови во пунктовите на здравствените домови како и во домашни услови;
- врши превентивни мерки и активности утврдени со програми за унапредување и зачувување на здравјето на пациентите,
- пропишува лекови на рецепт од Листата на лекови во примарна здравствена заштита
- учествува во спроведување на тимски форми во дејностите од примарната здравствена

Намената на упатството е да го опише начинот и постапката на утврдувањето и имплементацијата на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лекови како и ортопедски и други помагала.

Цел на Упатството е правилната примена на законската регулатива во спроведувањето на учеството на осигурените лица во цената на здравствените услуги ( партиципација) при укажување на здравствени услуги во здравствените установи како и при постапување по заштита, во обезбедувањето итна медицинска помош и во заменувањето во случај на болест и одмори,

- лекарски прегледи, советувања и други видови на здравствени услуги со цел за утврдување, проверување и следење на здравствената состојба, што, по правило, се остварува во ординацијата на избраниот лекар, а по потреба и во домот на пациентот,
- превентивни мерки и активности со цел за унапредување на здравствената состојба, спречување, сузбивање и рано откривање на болести и други нарушувања на здравјето,



ОРИГИНАЛ

- ја утврдува оправданоста на привремена спреченост од работа заради болест, повреди, придружба или изолација и отсуството од работа заради бременост, раѓање и мајчинство (родителство),
- утврдува потреба за превоз со санитетско возило во итни случаи, организира превоз со санитетско возило (самостојно, во соработка со други лекари или со најблиската организирана служба за итна помош) и ја оценува оправданоста за придружување на пациентот,
- ги упатува пациентите во Фондот согласно со прописите од областа на задолжителното здравственото осигурување,
- ги упатува пациентите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија согласно со прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување,
- го следи спроведувањето на здравствениот третман на пациентот што го вршат специјалисти,
- ја прибира, ја води и ја чува медицинската документација на пациентот согласно со прописите од областа на евиденциите во здравството и
- извршува други задачи согласно со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување.

Здравствената заштита на осигурените лица ја пружа доктор на медицина, специјалист по општа медицина или специјалист по семејна медицина вработен во здравствениот дом. Фондот како надлежен орган ќе ги евидентира лекарите кои имаат одобрение за изработка и користење на факсимил, дека можат да вршат здравствена заштита на примарно ниво согласно со прописите за здравствено осигурување.

## 4.Тек на активности

**Здравствените домови доставуваат список на лекари кои ќе бидат вклучени во проектот рурален лекар, со цел истите да се евидентираат во електронската евиденција на Фондот, назначено до правниот сектор на Фондот.**

Заради обезбедување здравствена заштита на осигурените лица во согласност со потребите на населението, здравствениот дом го организира работењето на руралниот лекар. Во спроведувањето на здравствената заштита на руралниот лекар, здравствената установа е должна да обезбеди посебен број на факсимил од Фондот наменет за руралните лекари. Издадениот печат со број на факсимил и име на здравствената установа со назив РУРАЛЕН ЛЕКАР, го користи лекарот само за време на пружање на здравствената услуга како рурален лекар согласно член 32 став 3. Покрај факсимилот РУРАЛЕН ЛЕКАР, лекарот го става и својот број на факсимил доделен од Фондот за дејноста што ја обавува во здравствената установа.
Броевите на факсимилите ги креира Фондот и ги доставува до сите здравствени домови.

Факсимилот РУРАЛЕН ЛЕКАР ги содржи следните податоци: назив “РУРАЛЕН ЛЕКАР“, име на здравствената установа и број со шест цифри кој е ознака на здравствената установа.



ОРИГИНАЛ

Доколку има потреба секој здравствен дом може да изработи повеќе факсимили со назив "РУРАЛЕН ЛЕКАР", со дополнување на бројот на руралните тимови ( пр. рурален лекар-тим -1, рурален лекар- тим -2 ..........).
Одговорното лице во здравствениот дом за секој месец изготвува распоред на работа на руралните тимови (лекар-сестра) за секој ден во месецот со наведување на периодот од работниот ден за пружање на здравствените услуги за секој рурален тим поединечно во одредени пунктови.

Одговорното лице во здравствениот дом, на секој рурален тим што излегува на терен за пружање на здравствени услуги на осигурените лица во пунктовите, го предава со задолжување факсимилот РУРАЛЕН ЛЕКАР. На крајот од работниот ден руралниот тим е должен да го врати факсимилот на овластеното лице во здравствениот дом.

На пропишаниот рецепт, упат и боледување покрај печатот со број на факсимил – РУРАЛЕН ЛЕКАР треба да биде ставен и факсимилот на лекарот кој работи како рурален лекар.

За време на пружање на здравствената заштита, покрај лекарскиот преглед руралниот лекар може да пропишува лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот и да аплицира ампуларна терапија( задолжителна ампуларна терапија- Листа А , односно ампуларна терапија за ургентни состојби - Листа А/1 со генерички имиња на ампуларни лекови.
Сите пружени здравствени услуги од страна на руралниот лекарски тим се бесплатни, освен за аплицирана ампуларна терапија за која се наплатува партиципација од осигуреното лице согласно Одлуката за учество на осигурените лица во вкупните трошоци за здравствени услуги и лековите
*http://www.fzo.orcg.mk/WBStorage/Files/11. PRECISTENA Odluka za utvrd na visinata na ucestvoto na osigurenite lica 95 od 2011.pdf*
Наплатената партиципација по завршување на работниот ден руралниот тим ја уплатува во благајната на здравствениот дом.

Доколку руралниот лекар зема примероци за биохемиски лабораториски испитувања содржани во ЛУ-1 образецот, истиот ден примерокот заедно со ЛУ-1 образецот ги предава во биохемиската лабораторија на обработка.

Пружените здравствени услуги на осигурените лица целосно и уредно лекарот ги запишува во амбулантскиот дневник и на посебен Образец - Рурален лекар здравствени услуги (РЛЗУ) кој е прилог на Упатството.
Образецот - РЛЗУ се пополнува за секое осигурено лице на кое се пружени здравствени услуги.
Образецот содржи податоци за: лекарски преглед, издаден упат за повисоко ниво на здравствена заштита, пропишана терапија на рецептен образец, аплицирана терапија, пропишано и издадено боледување и наплатена партиципација за аплицирана ампуларна терапија.
Образецот се пополнува во два примерока од кои еден за осигуреното лице, а другиот здравствениот дом по службена должност го доставува до неговиот избран лекар.
Во случај на електронско водење на евиденцијата, истата се води согласно Законот за здравствена заштита и Правилникот за евиденции во областа на здравството.



ОРИГИНАЛ

5. Посебни услови за пружање на здравствени услуги согласно член 32 став 3 од Законот за здравствена заштита

## 5.1 Начин на пропишување на лекови на рецепт од руралниот лекар

Руралниот лекар пропишувањето на лековите на рецепт кои се издаваат во примарна здравствена заштита на осигурените лица, го врши на рецептен образец пропишан од Фондот, по генеричко име на лекот со фармацевтска дозажна форма и јачина, количина и сигнатура, согласно Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/3. Pravilnik za sodrzinata i nacinot na ostvaruvaweto na pravata - 54 od 2012.pdf
и
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/10.%20Pravilnik%20za%20sodrzinata%20i%20nacinot%20na%20ostvaruvanjeto%20na%20pravata%20-%2034%20od%202014.pdf

Руралниот лекар е должен да ги информира осигурените лица за лековите без доплата за кои Фондот има утврдена референтна цена
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/16. LISTA NA LEKOVI KOI PAGAAT NA TOVAR NA FONDOT ZA ZDRAVSTVENO OSIGURUVANE NA MAKEDONIJA (PRECISTEN TEKST) 81 od 2012.pdf
и
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/18.%20Lista%20na%20lekovi%20koi%20pagjaat%20na%20tovar%20na%20FZOM%2047%20od%202014.pdf
и
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/19.%20Lista%20na%20lekovi%20koi%20pagjaat%20na%20tovar%20na%20FZOM%2098%20od%202014.pdf

Лекарот е должен да се придржува на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во целост, со назначена дозажна форма и јачина, односно на индикациите и на режимот на пропишување на лекови за кои е потребно мислење од лекар специјалист, субспецијалист, конзилиум на лекари и клинички конзилиум на лекари.

На еден рецепт се пропишува само едно оригинално пакување на лекот, освен за лековите чии оригинални пакувања се делат, односно кои се издаваат на парче, по единица фармацевтска дозажна форма, според Одлуката на Управниот одбор за утврдување на лековите чии оригинални пакувања се делат објавена на веб страницата на Фондот http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/Odluka%20za%20lekovi%20sto%20se%20delat%2001.01.2014.pdf
За овие лекови количината на пропишаниот лек треба да е прецизно наведена на рецептниот образец по единица фармацевтска форма.

При пропишување на **лекови за акутни заболувања** рецептниот образец кој го издава руралниот лекар важи 5 дена од датумот на пропишување.



ОРИГИНАЛ

**За хронични болести** руралниот лекар може да пропишува лекови кои ќе обезбедат терапија најмногу за 30 дена. Важноста на рецептот за хронична терапија е 30 дена.

**Лековите од групата на наркотика-опијати**, руралниот лекар треба да ги пропишува на рецептен образец во два примерока. Важноста на овој рецепт е 5 дена од денот на пропишувањето.

Во рецептниот образец руралниот лекар треба да ги пополни сите полиња кои се однесуваат во делот на пропишување на лекот и податоците за осигуреникот.

Пропишаните лекови на рецепт, лекарот ги запишува во амбулантскиот дневник и во здравствената легитимација на осигуреното лице целосно и уредно по генеричко име на лекот со фармацевтска дозажна форма, јачина и количина на лекот и факсимил и потпис на лекарот.

Рецептниот образец лекарот го пополнува рачно и го завериува со факсимил и потпис на лекарот и печат со факсимил на здравствената установа со назнака РУРАЛЕН ЛЕКАР.

## 5.2.Упатување на повисоко ниво на здравствена заштита од страна на руралниот лекар

Согласно Правилникот за содржината и начинот за остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, руралниот лекар може на осигуреното лице да издаде упат на образец "Специјалистички субспецијалистички упат- СУ" за да користи здравствени услуги во специјалистичко - консултативната здравствена заштита.

Болничка здравствена заштита осигуреното лице може да користи по правило со упат од лекарот специјалист на образец "болнички упат-БУ". По исклучок руралниот лекар може да издаде упат за :

1. здравствени услуги во болничка здравствена заштита, може да користи осигуреното лице без упат во итни случаи;
2. здравствени услуги во болничка здравствена заштита, може да користи осигуреното лице со упат од рурален лекар во следните случаи:
- дијагностицирани хронични заболувања;
- по проценка на руралниот лекар за итност на здравствената состојба на осигуреното лице, со соодветно образложение за итноста и со проценка за натамошниот тек на третманот, што избраниот лекар соодветно го документира во медицинското досие на осигуреното лице;

**2** Руралниот лекар може на осигуреното лице да му издаде образец ЛУ -1(прилог на Упатството) за да користи здравствени услуги за биохемиските лабораториски испитувања со наведување на видот на услугите во образецот на упатот.



ОРИГИНАЛ

3. Руралниот лекар може на осигуреното лице да му издаде образец РДУ-1(прилог на Упатството) за да користи здравствени услуги за радиодијагностички испитувања: нативна радиолошка дијагностика со и без контраст, ехо дијагностика и мамографија.

**Образецот-РЛЗУ како и обрасците за упатување, руралниот лекар ги пополнува рачно и ги заведува во амбулантскиот дневник.**

## 5.3. Утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од потесното семејство

Согласно Правилникот за начинот и постапката и поблиски критериуми за утврдување на примена спреченост за работа поради болест, повреда или нега на болен член на семејството и Критериумите за дијагностички постапки оцена на привремена спреченост за работа поради болест, повреда или нега на болен член на семејството http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/8._PRECISTEN_Pravilnik_za_utvrduvawe_na_privremena_sprecenost_za_rabota_95_od_2011.pdf
и
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/9._Pravilnik_za_utvrduvawe_na_privremena_sprecenost_za_rabota_29_od_2012.pdf
и
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/10._Pravilnik_za_utvrduvawe_na_privremena_sprecenost_za_rabota_63_od_2012.pdf
и
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/11._Pravilnik_za_utvrduvawe_na_privremena_sprecenost_za_rabota_138_od_2012.pdf

руралниот лекар издава оценка за привремена спреченост за работа на пропишан образец ИСР до 15 дена без упатување на лекарска комисија. Ако руралниот лекар оцени дека привремената спреченост за работа ќе трае подолго од 15 дена го упатува осигуреникот на првостепена лекарска комисија со образец - ПСР.

Руралниот лекар при издавање на боледувањето треба да ги почитува Правилникот за начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од потесното семејство.

**Обрасците за привремената спреченост за работа ИСР и ПСР, руралниот лекар ги пополнува рачно.**

### 6. Референтни документи

- Закон за здравствено осигурување
- Закон за здравствена заштита
- Закон за водење на евиденција во областа на здравството



ОРИГИНАЛ

- Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување
-Правилник за начинот, постапките за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата
- Критериумите за дијагностички постапки оцена на привремена спреченост за работа поради болест, повреда или нега на болен член на семејството;
- Правилникот за овластувања и начин на работа на контролата на Фондот за здравствено сигурување, во здравствената установа вршат контрола на: обезбедени здравствени услуги на осигурените лица
- Одлуки за утврдување на обрасци Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување
- Упатството за начинот на контрола на здравствените установи од примарна здравствена заштита
- Одлука за одредување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги (во примарна здравствена заштита, специјалистичко консултативна здравствена заштита, болничка здравствена заштита)

## 7.Записи

- Образец - Рурален лекар здравствени услуги (РЛЗУ)
- ПРИЛОГ: А/1 ТЕРАПИЈА ЗА УРГЕНТНИ СОСТОЈБИ
  за ПЗЗ ( општа медицина и гинекологија )
  јануари 2014 - декември 2014 година
- ПРИЛОГ А: Задолжителна ампуларна терапија за ПЗЗ
- општа медицина јануари 2014 - декември 2014 година



ОРИГИНАЛ

**ФЗОМ -Образец РЛЗУ**

**ИЗВЕШТАЈ Бр.**__________

Назив на здравствена установа

Работна единица - Одделение

Број на лекарски дневник ________

ДО

Назив на приватна здравствена установаа

Место

Избран лекар

Факсимил

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД РУРАЛЕН ЛЕКАР

Презиме, име на осигуреното лице /родител/старател

Адреса

Број на здравствена легитимација

Единствен матичен број на осигуреникот

Единствен здравствен број на осигуреникот

Осигурено лице е пријавено во здравствено осигурување во подрачна служба

Дијагноза__________________________________

Наод од извршен лекарски преглед ____________________

Наоди за извршени други дијагностички , лабораториски, радиодијагностички____________

Пропишана терапија на рецептен образец

Пропишана и аплицирана ампуларна терапија

Наплатено учество за аплицирана ампуларна терапија (партиципација)__________________ денари

Издаден упат за здравствена установа____________________________

Издадено боледување за период од__________до___________ со прв ден на спреченост за работа __________

Болничко лекување од __________до_______________ во ЗУ________________________________

Број на факсимил _________________РУРАЛЕН ЛЕКАР на ЈЗУ Здравствен дом______________

Во____________ ____________20__ година **МП** Потпис и факсимил на рурален лекар

Формат: А4

**ПРИЛОГ А: Задолжителна ампуларна терапија за ПЗЗ - општа медицина
јануари 2014 - декември 2014 година**

| Р Бр | Генеричко име | Фармацевтска дозажна форма | | Состојба/Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | RANITIDINE | Инјекции | 50mg/2ml | |
| 2 | TROSPIUM | Инјекции | 0,2mg/5ml | |
| 3 | ASCORBIC ACID | Инјекции | 500mg/5ml | |
| 4 | AMINOPHYLLIN | Инјекции | 250mg/10ml | |
| 5 | FUROSEMIDE | Инјекции | 20mg/2ml | |
| 6 | VERAPAMIL | Инјекции | 5mg/2ml | |
| 7 | DEXAMETHASONE | Инјекции | 4mg/1ml | |
| 8 | METHYLPREDNISOLONE SUCCINATE NATRIUM | Инјекции | 20mg; 40mg; | |
| 9 | LINKOMYCIN | Инјекции | 300mg/1ml; 600mg/2ml | |
| 10 | GENTAMICIN | Инјекции | 20mg; 40mg; 80mg; 120mg | |
| 11 | KETOPROFEN | Инјекции | 100mg/2ml | |
| 12 | TRAMADOL | Инјекции | 50mg/1ml; 100mg/2ml | |
| 13 | DIAZEPAM | Инјекции | 10mg/2ml | |
| 14 | AQUA AD INIECTABILIA | Раствор | 2ml; 5ml; 10ml | |

## ПРИЛОГ: А/1 ТЕРАПИЈА ЗА УРГЕНТНИ СОСТОЈБИ
## за ПЗЗ ( општа медицина и гинекологија )
## јануари 2014 - декември 2014 година

| Р Бр | Генеричко име | Фармацевтска дозажна форма | | Состојба/Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | EPINEPHRINE (ADRENALIN HYDROCHLORID) | Инјекции | 1mg/1ml | |
| 2 | CHLOROPYRAMINE | Инјекции | 20mg/2ml | |
| 3 | AMINOPHYLLIN | Инјекции | 250mg/10ml | |
| 4 | METHYLPREDNIZOLON | Инјекции | 20mg/ml; 40mg/ml | |
| 5 | DIGOXIN | Инјекции | 0,25mg/2ml | |
| 6 | ATROPIN SULFAS | Инјекции | 1mg/ml | |
| 7 | SODIUM CHLORIDE | Раствор за инфузија | 0,9% 500ml | |
| 8 | ASCORBIC ACID | Инјекции | 500mg/5ml | |
| 9 | GLUCOSE | Раствор за инфузија | 5%/500ml | |
| 10 | $O_2$ - КИСЛОРОД | Боца | | |